# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
## НА ОПШТИНА КИЧЕВО

2025 – 2029

MLADIHUB

British Embassy
Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Национален младински совет на Македонија

**ИЗДАВАЧ:**
Национален младински совет на Македонија
Ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Мариана Ангелова, Генерален секретар

**АВТОРИ:**
Борис Шарковски, Кристина Хаџи-Василева, Консалтинг за стратешки развој

**ДИЗАЈН:**
Илија Станковски

**ПРЕВОД НА АЛБАНСКИ:**
Вјоса Таипи

**ПРЕВОД НА ТУРСКИ:**
Сејад Али

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија" финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Кичево, 2025.

# СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** 3

**ВОВЕД** 4

**МЕТОДОЛОГИЈА** 6

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА** 8

*Анализа на родовите (не) еднаквости, низ призмата на младите* 8

*Социјалната инклузија на младите на локално ниво* 9

*Младинско учество и младински политики* 9

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА КИЧЕВО** 11

**СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО** 14

**СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ И ПРИОРИТЕТИ** 15

*Стратешка област 1 - Младинско учество и локални младински политики* 15

*Стратешка област 2 – Младинско претприемништво и вработување* 15

*Стратешка област 3 – Квалитет на живот* 16

*Стратешка област 4 – Родова рамноправност* 16

**СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА** 17

**ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА** 17

**АКЦИСКИ ПЛАН** 18




# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРСМ** – Агенција за вработување на Република Северна Македонија
**ГО** – граѓанска организација
**ЕЛС** – Единица на локалната самоуправа
**ЛМС** – Локален младински совет
**НМСМ** – Национален младински Совет на Македонија
**БС** – Бизнис сектор

# ВОВЕД

Стратегијата за млади на општина Кичево има за цел да се справи со предизвиците со кои се соочуваат младите во Кичево преку обезбедување рамка за меѓусебна соработка и соработка со општината и сите клучни чинители во заедницата за развивање младински политики вклучувајќи цели, принципи, приоритети, основни области и мерки кои ги вклучуваат сите оние кои се активни на теренот и како поддршка и дополнување на мерките преземени на национално ниво. Основата на која се заснова оваа стратегија е прифаќањето дека:

- Младите имаат своја улога во заедницата и се соочуваат со специфични предизвици. Тие се желни да преземат контрола над нивните животи и да бидат активни граѓани соработувајќи со другите чинители во заедницата.
- Неопходна е општинска младинска стратегија за да им се помогне на младите да се справат со предизвиците со кои се соочуваат во нивното место на живеење усогласена со националното законодавство.
- Општинските младински цели обезбедуваат визија за заедницата. Тие се движат од поврзување на општината со младите до ментално здравје и благосостојба. Подолу во документот се дадени четирите цели, поделени во 3 стратешки приоритетни области, што ги подготвија самите млади луѓе од општина Кичево.

Општите цели на стратегијата за младите се:

- Да им овозможи на младите луѓе сами да си го градат сопствениот живот и да го поддржат нивниот личен развој;
- Поттикнување и опремување со потребните ресурси за да станат активни граѓани;
- Подобрување на политиките кои имаат влијание врз нив, особено во однос на вработувањето, образованието, здравството и социјалната вклученост;
- Да помогне да се искорени сиромаштијата кај младите и сите форми на дискриминација и да се промовира социјалната вклученост.

Стратегијата почива на следниве принципи:

- Еднаквост и недискриминација - борба против дискриминацијата и промовирање на родовата еднаквост;
- Вклучување - да се признае дека младите имаат различни потреби, животи и можности и да се развијат соодветни политики;
- Учество - препознавањето на младите како ресурс за заедницата и поттикнување на нивното вклучување во развојот и спроведувањето на политиките;
- Активен пристап - вклучување на младинските прашања низ општинските политики и реализација на конкретни младински иницијативи.

Во согласност со пристапот на ЕУ кон младите и европската младинска стратегија, Стратегијата за млади на општина Кичево идентификуваните предизвици и цели ги вклопува во три главни теми – ангажирање, поврзување и зајакнување – и поставува мерки што треба да се преземат прилагодени на локааниот контекст и потреби.

## АНГАЖИРАЊЕ

Ангажирањето на младите е камен-темелник на стратегијата за обезбедување значајно учество. Мерките вклучуваат:

- Поттикнување и промовирање на инклузивното демократско учество на младите во заедницата;
- Вклучување на младите и младинските организации во развојот и спроведувањето на политиките;
- Поддршка на застапеноста на младите во работата на општината;
- Поддршка на младинскиот дијалог и развивање на вештини за истражување на алтернативни форми на демократско учество, како што е дигиталната демократија.

## ПОВРЗУВАЊЕ

Младите треба да бидат способни да искусат различни културни, граѓански и други размени со своите врсниците во заедницата, регионот и земјата како и од другите европски земји. Мерките вклучуваат:

- Олеснување на прекуграничната мобилност за учење за младите луѓе и младинските работници, вклучително и волонтерството во граѓанскиот сектор;
- Ангажирање млади луѓе и младински организации во релевантни програми на општината;
- Споделување на најдобрите практики и развивање шеми за потврдување на вештините стекнати од неформално учење.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ

Младинската работа може да развие клучни лични и професионални вештини и да биде катализатор за зајакнување. Мерките вклучуваат:

- Поддршка на младинските работни активности и развој и обука на младински работници;
- Препознавање на младинските организации како помошници во развојот на вештините и социјалната вклученост преку младинската работа и неформалното образование;
- Создавање пристапни точки за контакт на младите со деловниот сектор преку давање услуги и обезбедување информации.

Стратешкиот план за младите е рамка за дејствување, која ги зема предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен развој. Работата на спроведувањето на поставените задачи од овој документ претставува средство за планирање, планско прилагодување на околината кон промените, утврдување на приоритетите и нивно насочување на ресурсите кон обезбедување на максимално искористување и ставање во функција на развојот на младите во општината, остварени преку годишните планови и програмите кои се од вонредно високо значење за програмираниот развој за одредена област, согласно законските надлежности за работа на општината.

Целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво одговараат на потребите на девојчињата и момчињата.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Пристапот на изработка на Стратегијата за млади на општина Кичево беше партиципативен и транспарентен процес со вклучување на сите клучни засегнати страни. Ова подразбираше дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија која минува низ јавна расправа и заклучно финалната верзија-основен документ се поднесува до Советот на општина Кичево на усвојување општински документ насловен како "Стратегијата за млади на општина Кичево (2025-2029)". Учесниците во изработката на овој стратешки план се водеа и ги потврдија следните значајни принципи за подготовка и имплементација на стратешкиот документ:

- Законитост и прифатливост;
- Чувство на сопственост;
- Одржливост;
- Квалитет;
- Ефикасност и ефективност;
- Насочен процес на планирање на развојот;
- Сеопфатно планирање на развојот;
- Практика на добро владеење.

Наведените принципи и вредности ќе бидат валидни во текот на спроведување на стратешкиот план, како и при следењето и оценката во постигнувањето на целите за Општина Кичево.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу – нагоре" bottom up[1] и процесот на изработка го организираше во циклус од консултации со градоначалникот, општинската администрација, младите, советот и останатите чинители во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Беа спроведени анкети со засегнатите кои имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи од учесниците на работилниците и истите да ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање на дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и стуктурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на програмата.
Процесот на изработка на Стратегијата за млади на општина Кичево (2025-2029) се одвиваше преку:

- Анкета на репрезентативен примерок, со цел да се испитаат состојбата, приоритетите, барањата и идеите на младите, за поголем и побрз развој на општината во целина,
- Една работилница, по изготвена предлог верзија
- Сумирање и заклучоци по работилницата

1. Оваа метода е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на општината разбрана како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за акција. Пристапот „од долу - нагоре" активно ги вклучува субјектите во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Овој пристап гарантира дека стратешките приоритети се одразени во општинските иницијативи со истовремено нивно прилагодување на потреби те на спортот.

Анкетата опфати 284 прашалници, што претставува речиси репрезентативен примерок[2] и тоа според следните возрасни категории:

- 15 – 18 години – 265 прашалници,
- 19 -24 години 7 прашалници и
- од 25 – 29 години – 12 прашалници.

Родовата поделба беше 53% жени, 43% мажи и 3% кои не одговорија на ова прашање. Вкупно 181 прашалници беа спроведени во урбана и 103 во руралните средини од сите трите етнички заедници (македонска, албанска и турската).

При изработката на стратегијата во сите фази се внимаваше предложените мерки/активности/цели/резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да се отсликаат потребите на жените и мажите.

Стратегијата се усвојува од страна на Советот на Општина Кичево на првата наредна седница и истиот документ се води со важност во времетраење од 5 години. Усвојувањето на документот е во согласност со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02). Стратегијата за младите на Општина Кичево е во согласност со определбите, приоритетите и стратешките цели на општина Кичево и се води од принципите на комплементарност со хиерархиски повисоките документи. Притоа, истовремено и подеднакво, се внимаваше на специфичните потреби и можности на локално ниво и нивното максимално искористување во изработка на документот.

2. Репрезентативен примероке е 300 анкети.

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### *Анализа на родовите (не) еднаквости, низ призмата на младите*[3]

Младите во Северна Македонија покажуваат делумно развиена свест за значењето и важноста на родовата еднаквост[4] . Истражувањата покажуваат дека повеќе од 90% од младите слушнале за терминот „родова еднаквост“, но околу 20-25% не се доволно запознаени со неговата суштина и концепт. Оваа нецелосна информираност ја истакнува потребата за подигнување на свеста и зајакнување на родовата сензибилизација меѓу младите.

Родовите стереотипи кај младите главно се однесуваат на однесувањето, изгледот и карактеристиките кои традиционално се поврзуваат со мажите и жените. Стереотипите како пасивност наспроти доминантност се длабоко вкоренети, што значи дека нивното надминување бара време и целосна посветеност. Младите жени генерално се помалку подложни на стереотипни ставови во споредба со младите мажи, кај кои пак е забележано отфрлање на стереотипите поврзани со очекувањата од нив самите, додека почесто ги поддржуваат оние насочени кон жените.

Во семејствата на младите, стереотипите продолжуваат да играат значајна улога, особено преку притисокот за избор на образование или ограничувањата за продолжување на образованието, што може да ја загрози иднината на младите. Сепак, само 10-15% од младите имаат стереотипни размислувања во врска со изборот на образование, што е позитивен показател за постепено ослободување од овие ограничувања.

Кога станува збор за пазарот на трудот, половина од младите се свесни за постојната родово стереотипна поделба на професиите, додека останатите не се свесни или се обидуваат да ја надминат. Стереотипите во врска со учеството на жените на пазарот на трудот за време на бременоста и мајчинството се позастапени кај младите мажи, што укажува на потребата од дополнителна едукација за овие прашања.

Иако мнозинството млади луѓе веруваат дека мажите и жените треба еднакво да учествуваат во донесувањето одлуки, секој трет млад човек и секоја четврта млада жена не ја гледаат потребата за родов баланс на раководните позиции. Позитивно е што најголем дел од младите не сметаат дека раководната позиција влијае негативно врз приватниот живот, ниту за жените како мајки и сопруги, ниту за мажите како татковци и сопрузи. Сепак, стереотипите поврзани со грижата за домот остануваат застапени – секој четврти испитаник верува дека жената треба да се грижи за хигиената и приготвувањето на храната, додека секој петти смета дека мажот е одговорен за плаќање на сметките.

Иако родовите стереотипи се научени и длабоко вкоренети, младите имаат потенцијал да ги преиспитаат и променат овие ставови. Родовото сензитивно размислување може значително да придонесе кон намалување на стереотипите и зајакнување на правичното

3. https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/MKD-Analiza-Rodova-neednakvost-kaj-mladite.pdf
4. Родовата еднаквост се дефинира како концепт во кој жените и мажите, девојчињата и момчињата имаат еднакви услови, третман и можности за остварување на нивниот целосен потенцијал, човековите права и достоинството еднакво придонесуваат кон (и имаат корист од) економскиот, социјален, културен и политички развој.

учество на сите во општеството. Затоа, оваа стратегија ги поставува младите како клучни актери во промовирањето на родовата еднаквост и создавањето поинклузивно општество.

Младите од Општина Кичево се изјасниле дека не постојат родови стереотипи и предрасуди, но неколку од нив изјавиле дека традиционалните вредности се вкоренети дотолку што овие стереотипи не се препознаваат како негативен наратив. На работилницата, исто така декларативно се изјавува дека не постојат разлики помеѓу родовите. Како еден од проблемите кои го детектираат младите е непостоење на организација на жени, која систематски ќе се занимава со овие прашања и ќе ги едуцира жените да се борат за своите права.

### *Социјалната инклузија на младите на локално ниво*

Вклучувањето на младите и консултациите со нив остануваат камен-темелник на партиципативното и транспарентното владеење, клучно за овозможувањето на младите активно да придонесат кон својот општествен и локален развој преку сопствени идеи и учество. Иако основите за ова вклучување се утврдени во правните рамки на државата, особено преку доследна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики и Националната стратегија за млади 2023-2027 праксата покажува дека има значителен простор за подобрување во нивното спроведување на локално ниво.

Согласно Индексот на социјална инклузија на младите на локално ниво[5], само 4 општини се одлични и се квалификуваат како пријателски настроени кон младите и тоа Општина Охрид, Гостивар, Крива Паланка, Струмица и Гевгелија. Согласно овој Индекс, Општина Кичево се наоѓа на 28 место, што е во горниот дел од табелата, но со просечен резултат од 48%. Просечната оцена на социјалната вклученост на младите на локално ниво е 41% што е на долната граница на просечната вредност за социјална вклученост на младите на локално ниво. 55% од општините спаѓаат во групата „незадоволителна“ во однос на социјалната вклученост на младите на локално ниво.

Во Општина Кичево само 30% од анкетираните млади сметаат дека се вклучени во носење на одлуки кои ги засегаат, но немаат одговор/пример на кој начин биле вклучени, што води до заклучок дека информациите дека некој може да се вклучи потешко доаѓаат од институциите до младите. Сепак, работите се менуваат на подобро и во консултациите за буџетот за 2025 младите беа вклучени, околу 100 млади присуствувале на јавната расправа за буџетот, организирана од Општина Кичево.

### *Младинско учество и младински политики*

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики[6], значаен закон кој има за цел да ја зајакне улогата на младите во процесите на креирање политики и одлучување во земјата. Создавањето на овој закон се карактеризираше со транспарентност, инклузивност и активен дијалог меѓу различните чинители, кој претставува значајна пресвртница за младинскиот сектор во Северна Македонија.

5. https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2024/08/Indeks-za-socijalna-inkluzija-_Final.pdf
6. Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 година

Во однос на финансирањето за спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%, додека од буџетите на општините за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво. Законот за младинско учество и младински политики, во формата во која е донесен, покрива многу поволности за младите и младинските организации во Северна Македонија, но остава простор за негово проширување и унапредување, особено во поглед на креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и на општинско ниво.

Во поглед на имплементацијата, согласно одредбата од законот за формирање локални младински совети, 34 општини, што претставува 42% од вкупниот број општини, истакнуваат дека имаат формирано Локален младински совет во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики. Според истражувањето, во 41 општина не е формиран локален младински совет.

Во Општина Кичево има формирано Совет на млади, но голем дел од младите не се запознаени со ова и од општината признаваат дека не е функционален. Дел е поради партизација на самиот процес, а дел е поради незаинтересираноста на самите млади. Општината одвојува одреден буџет за финансирање на младински иницијативи, но нема предвидени 0,1% согласно законот. Во моментов е во тек процедура за избор на нов ЛМС, согласно Законот.

Националната стратегија за млади[7] е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Иако во периодот на донесување на законот постоеше важечка стратегија за периодот 2019-2025, новиот закон предвидуваше и донесување нова национална стратегија за млади, конкретно во рок од 18 месеци од донесувањето на законот. Новата Национална стратегија за млади 2023-2027 опфаќа 8 приоритетни области: Младинско учество; Младинско информирање; Младинска работа; Образование; Култура; Здравје; Претприемништво и поддршка пред вработување и Безбедност (насилство). Заедно со донесувањето на новата Национална стратегија беше донесен и акциски план за неа за периодот 2023-2025 и е првиот акциски план за имплементација на стратегијата, а предвидена е и изработка на втор акциски план за периодот 2025-2027.

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Таа претставува основа за развој на локалните младински политики на конкретната општина во петте години во чиј период е донесена стратегијата. Локалната стратегија за млади, заедно со акциските планови, се изработува од страна на општините во соработка со локалниот совет на млади, а се спроведува со буџетски средства од конкретната општина. Согласно податоците добиени од спроведениот мониторинг, 18 општини се изјасниле дека е усвоена локална стратегија за млади, во 57 општини нема локална стратегија за млади, а 6 општини не дале одговор на ова прашање. Податоците исто така покажуваат дека 16 општини одговориле дека во општината има младински

7. https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf

центар, но реалната слика е дека само 10 од овие центри се функционални и тоа во Општините: Центар, Куманово, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Охрид, Битола, Липково и Гостивар. Поврзано со добиените одговори важно е да се напомене дека, во дел од овие општини отворањето младински центар е во процес, а во дел од општините младинските центри функционираат со донаторска поддршка, но без притоа да добиваат финансиски средства од општината. Општина Кичево нема младински центар.

Од јавно достапните информации за службениците за млади, може да се утврди дека досега се именувани 56 службеници за млади во државните институции, односно органите на државната управа, а 65 во општините. Процентуално гледано, 80% од општините ја имаат исполнето таа обврска. Во Општина Кичево има назначено службеник за млади.

### *Преглед на состојбата со младите во Општина Кичево*

Кичево се наоѓа во западниот дел на Република Северна Македонија и е дел од Југозападниот плански регион. Сместен е во Кичевската котлина, која претставува јасно дефинирана природна целина и е опколен со високи планини. Припаѓа на горното сливно подрачје на реката Треска, со граници што се протегаат северно до превојот Стража, западно до планината Бистра, јужно до Илинска Планина по долината на Треска и источно до јужниот дел на областа Порече.

Општина Кичево, со градот Кичево како урбан центар, има 39.669 жители, распределени во 13.787 домаќинства, според податоците од пописот во 2021 година. Оваа бројка бележи значителен пад од повеќе од 12.000 жители во споредба со пописот од 2001 година. Етничката структура на Општина Кичево е разновидна, при што 41% од населението се Македонци, 42% Албанци, 7% Турци и 10% други заедници. Младите сочинуваат 19% од вкупната популација, со следна распределба по возрасни категории:

- 15–19 години - 2.204 (1 163 момчиња, 1 041 девојчиња)
- 20–24 години - 2.513 (1 346 мажи, 1 167 жени)
- 25–29 години - 2.825 (1 474 мажи, 1 351 жени)

Половина од младите (48%) живеат во руралните подрачја на општината.

### *Образовна инфраструктура и предизвици*

Во Општина Кичево функционираат три градинки, девет основни училишта, две средни училишта и три високообразовни институции. Сепак, потребна е итна промена на образовните програми за да одговараат на потребите на пазарот на труд. Неопходно е заедничко дејствување на образовните институции и Министерството за образование за воведување на програми за занимања кои се во дефицит, зголемување на атрактивноста на овие програми и соодветно планирање на квотите. Како добра можност за поефективно образование се гледа дуалното образование, но потребна е поголема соработка со бизнис заедницата и нејзино поголемо вклучување, пред се преку платено практикантство и работа преку учење во самите компании. Општината може да помогне во оваа насока, пред се како мост помеѓу средните стручни училишта и компаниите и

заради поттикнувања дискусии помеѓу клучните чинители за усогласување на вештините со пазарот на труд. Во оваа насока компаниите треба да понудат и стручни курсеви и обуки, со цел да ги заинтересираат и привлечат младите.

### *Пречки за младинско претприемништво*

Младите во Кичево се соочуваат со сериозни предизвици во започнување сопствен бизнис, вклучувајќи недостаток на поддршка, ограничен пристап до финансиски средства и знаења, како и негативно влијание од партизацијата. Според анкетираните најлесно е да се започне угостителски бизнис (да се отвори кафуле) или да се работи онлајн за странска компанија. Родовите стереотипи дополнително ја усложнуваат ситуацијата за младите жени. За надминување на овие бариери, повеќе од 70% од анкетираните млади сметаат дека подобриот пристап до информации за работни места како и платено практикантство може значително да помогне за нивната полесна интеграција на пазарот на труд. Општина Кичево овозможува поддршка за започнување на бизнис, на лица до 40 годишна возраст, во висина од 4.000 Евра.

### *Вработување и миграција*

Недоволните можности за работа и слабата усогласеност меѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд во Кичево предизвикуваат висока миграција, особено кон Скопје и странство. Оваа состојба дополнително го погодува земјоделскиот сектор, каде големи површини остануваат необработени. Потребни се мерки за структурни реформи и поврзување на образованието со локалниот контекст и потребите на пазарот на труд.

### *Социјални и здравствени услуги*

Младите се незадоволни од здравствените и социјалните услуги. Клучни приоритети се доизградба на болницата, отворање на нови детски градинки и овозможување бесплатна правна помош. Во општината недостигаат центри за советување и поддршка за жртви на семејно насилство. Во Општна Кичево нема доволно гинеколози, а и оние кои работат со Фондот за ПИОМ се малку и тешко се доаѓа на ред, а дел и ги наплаќаат своите услуги, иако треба да се бесплатни.

### *Рекреативни и еколошки проблеми*

Недостатокот на паркови, зелени површини и рекреативни зони, како и проблемот со улични кучиња и слабата хигиена, се главни грижи на младите. Ограничената вклученост на младите во решавање на еколошки прашања исто така претставува проблем.

### *Безбедност и културна инклузија*

Безбедносните прашања, вклучувајќи тепачки, кражби и сообраќајни несреќи, ги загрижуваат младите подеднакво, независно од полот. Силувањата (иако во мал број) се спомнати од страна на жените. Во однос на културата, недостигаат настани надвор од традиционалните манифестации, а младите покажуваат интерес за поголемо учество во вакви активности.

Потребно е интегрирано дејствување за решавање на идентификуваните предизвици, вклучително:

- Отворање на младински центар и обезбедување буџет за младински активности.
- Поддршка за млади претприемачи преку субвенции и програми за менторство.
- Зголемено учество на бизнис секторот во решавање на образовните предизвици.
- Поттикнување иновации и развој на креативни индустрии.
- Унапредување на спортската и културната инфраструктура.

Со спроведување на овие мерки, Општина Кичево може да создаде позитивна средина за развој и активна инклузија на младите.

# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
## НА ОПШТИНА КИЧЕВО

# ВИЗИЈА

Младите во Општина Кичево организирано работат на создавање на квалитетен живот и етнички соживот во општината

# МИСИЈА

Подигање на нивото на вклученост на младите и реализација на заеднички младински иницијативи во областите кои ги засегаат ќе овозможат општина во која младите сакаат да живеат.

# СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ И ПРИОРИТЕТИ

### СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 1 - МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

**Стратешки цели:**

**СЦ 1.1:** Овозможување младинско учество во процесите на одлучување и креирање политики

Активности за поддршка на целите:

- Воспоставување на функционален Локален младински совет;
- Обуки за младите на теми поврзани со лидерство, комуникации, донесување одлуки и младинското учество (особено во образовниот процес);
- Отворање на младински центар;
- Јакнење на компетенциите на наставниот кадар и членовите на органите на управување во средните училишта за поддршка на младинското организирање;
- Обезбедување на пристап до дигитални алатки (платформи) за младинско учество;
- Поттикнување на вмрежување и соработка помеѓу младите и носителите на одлуки, согласно Законот за младинско учество и политики;
- Поттикнување на формирање на нови младински организации и нивна поддршка, со фокус на руралните области и области кои опфаќаат маргинализирани млади;
- Поддршка на проекти иницирани од млади луѓе;
- Организирање форуми на кои младите ќе можат да ги споделат своите идеи и потреби со локалните власти.

### СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 2 - МЛАДИНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ВРАБОТУВАЊЕ

**Стратешки цели:**

**СЦ 2.1:** Создавање на услови за почнување и водење на сопствен бизнис

Активности за поддршка на целите:

- Поддршка за основање на старт-ап клубови/ иновациски центри на млади вклучително и за креативно решавање на општински проблеми;
- Обезбедување на финансиска поддршка за започнување на бизниси од страна на млади лица (со фокус на жени);
- Обезбедување обуки за претприемнштво за млади лица (вклучително жени);
- Програми за менторство за млади претприемачи;
- Финансиска поддршка за развој на креативни индустрии.

**СЦ 2.2:** Создавање на услови за вработување на младите

Активности за поддршка на целите:

- Обуки и кампањи за борба против стереотипите поврзани со вработување на жените (особено за професии во кои доминираат мажите);
- Воспоставување систем за (дигитално) информирање на младите за расположивите работни места во општината;
- Обезбедување обуки за млади за вработување (комуникации, управување со време, решавање проблеми, прилагодување, тимска работа, работна етика, итн.) како и стручни курсеви;
- Привлекување бизниси кои одговараат на интересите на младите (ИТ сектор);
- Промовирање платено практикантство;
- Поврзување на општината со деловниот сектор во решавање на образовните предизвици,
- Зголемување на соработката помеѓу стручните училишта и бизнис секторот, вклучително и пилот-проекти за дуално образование за две до три занимања.

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 3 - КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

**Стратешки цели:**

**СЦ 3.1:** Подобрување на инфраструктурата за култура, спорт и рекреација

Активности за поддршка на целите:

- Отворање на кино;
- Летни сцени;
- Реконструкција на Дом на млади;
- Доизградба на ифраструктура на Китино кале (за културни активности);
- Обезбедување и/или уредување на јавни простори (паркови, рекреативни површини) за млади;
- Организирање повеќе и посовремени културни настани кои ќе ги поврзат младите од различни етнички заедници (театарски претстави, изложби, музички фестивали и сл.)
- Опремување на гимназијата со нови клупи, столчиња и нагледни материјали;
- Доизградба на затворениот базен;
- Стипендии и поддршка за младите;
- Изградба на повеќе велосипедски патеки;
- Расчистување на депониите и зголемување на јавната чистота во градот;
- Изградба на повеќе спортски игралишта;
- Поголема финансиска поддршка за спортот (поддршка за учество на спортски натревари, набавка опрема, учество на повеќе турнири);
- Прилагодување на инфраструктурата за лица со посебни потреби (тротоари, пристапни рампи, итн.);
- Реконструкција на улиците;
- Решавање на проблемот со уличните кучиња;
- Подобрено осветлување во целата општина;

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 4 - РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

**Стратешки цели:**

**СЦ 4.1:** Намалување на разликите помеѓу момчињата и девојчињата и спроведување на мерки за борба против родовите стереотипи и предрасуди

Активности за поддршка на целите:

- Бесплатни менструални продукти во училиштата и институциите и подобри тоалети;
- Субвенциониран јавен превоз за младите од руралните средини, приспособен на нивните потреби;
- Центар за психолошка поддршка на млади жени кој нуди психолошко советување, правна помош и менторство за лично и професионално зајакнување;
- Курсеви за обука за нови вештини кои се барани и добро платени на пазарот на трудот вклучително и во доминантно машки професии (ИТ, графички дизајн, металургија, соларна индустрија итн.);
- Услуги за поддршка за жени кои се соочуваат со семејно насилство, вклучувајќи засолништа и правна помош;
- Бесплатни гинеколошки прегледи;
- Образовни и менторски програми за лидерство и претприемништво и финансиска писменост за девојчиња и момчиња;
- Обука за професионални вештини, претприемништво и финансиско управување, кои ќе им помогнат на младите жени да се вклучат во работната сила;
- Олеснување на пристапот до психолози и советници и бесплатни услуги за скрининг за менталното здравје,
- Медицински сестри во училиштата;
- Изградба на болницата и подобрување на здравствените услуги во истата (апаратура, персонал);
- Советувалиште за рана детекција на карцином на дојка;
- Кампањи за важноста за грижа за машкото и женското здравје.

# СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Службеникот за млади во општина Кичево во соработка со останатите општински служби ќе биде одговорен за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за млади на Општина Кичево. Службеникот за млади ќе изготвува годишни извештаи за постигнатите резултати во имплементацијата на активностите од стратегијата и истите ќе ги доставува до Градоначалникот и Советот на општината. Извештаите ќе се разгледуваат од страна на Советот во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година за достигнувањата во претходната

# ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

За имплементација на активностите од овој стратешки документ потребно е предвидување на финансиска и техничка поддршка од страна на Буџетот на општината, од страна на Буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од страна на надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ, или некои билатерални договори. Изворите на финансии, предвидени за имплементација на Стратешкиот план, општината ќе ги обезбедува преку средства предвидени со буџетот на општината. Финансирањето и спроведувањето на оваа Стратегијата ќе се разгледува еднаш до два пати годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања како и тековна подготовка на годишни акциони планови за годишно планирање на финансирање на стратегијата. Вкупната сума за спроведување на оваа Стратегија е околу 38 000 000 денари, со тоа што поради потребите од инфрастуктурни зафати, како предуслов за спроведување на некои од мерките, се очекува овој износ да не биде поделен на еднакви делови, туку финансирањето да биде поголемо во првата година од имплеметацијата. Средствата за имплементација на оваа стратегија опфаќаат проекти кои се финансираат од различни програми на општината, како што е урбанизам, култура, образование итн.

# АКЦИСКИ
ПЛАН

# Стратешка област 1 - Младинско учество и локални младински политики

*Стратешка цел 1:Овозможување младинско учество во процесите на одлучување и креирање политики*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Воспоставување на функционален Локален младински совет** | -Формиран ЛМС<br>одржани најмалку 12 состаноци годишно<br>-Број на препораки од ЛМС до Совет на Општина<br>-Број на усвоени препораки на ЛМС од Советот на Општина<br>-Број на обуки за млади<br>-Најмалку 15% зголемено знаење од секоја обука<br>-Број на млади кои посетувале обуки (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Број на обуки за наставен кадар за младински прашања<br>-Број на воведени дигитални алатки<br>-Број на спроведени младински иницијативи<br>-Зголемен број на младински организации<br>-Процент на издвоени општински средства за проекти за млади од буџетот<br>-Воспоставен Младински центар<br>-Број на посети во младинскиот центар | 3 000 000 МКД | 2025 | Општина Кичево, ГО |
| **Обуки за младите на теми поврзани со лидерство, комуникации, донесување одлуки и младинското учество (особено во образовниот процес)** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Отворање на младински центар** | | | 2025 – 2026 | Општина Кичево |
| **Јакнење на компетенциите на наставниот кадар и членовите на органите на управување во средните училишта за поддршка на младинското организирање** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Обезбедување на пристап до дигитални алатки (платформи) за младинско учество** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Поттикнување на вмрежување и соработка помеѓу младите и носителите на одлуки, согласно Законот за младинско учество и политики** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поттикнување на формирање на нови младински организации и нивна поддршка, со фокус на помалку руралните области и области кои опфаќаат маргинализирани млади** | -Број на настани за млади и организирани од млади во младинскиот центар<br>-Број на подржани младински иницијативи (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Број на млади присутни на јавните расправи за буџетот (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност, урбан/рурал)<br>-Број на препораки за буџетот дадени и прифатени (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност, урбан/рурал) | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Поддршка на проекти иницирани од млади луѓе** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Организирање форуми на кои младите ќе можат да ги споделат своите идеи и потреби со локалните власти** | | | 2025 – 2026 | Општина Кичево, ГО |

## Стратешка област 2 - Младинско претприемништов и вработување

*Стратешка цел 2.1: Создавање на услови за почнување и водење на сопствен бизнис*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка за основање на старт-ап клубови/ иновациски центри на млади вклучително и за креативно решавање на општински проблеми;** | -Основан старт-ап клуб или иновациски центар<br>- Број на млади кои го користат клубот/центарот (податоци<br>-Основан старт-ап клуб или иновациски центар<br>- Број на млади кои го користат клубот/центарот (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност) | 3 000 000 МКД | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Обезбедување на финансиска поддршка за започнување на бизниси од страна на млади лица (со фокус на жени);** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување обуки за лидерство и претприемништво за млади лица (вклучително и жени);** | - Процент на задоволство на корисниците на клубот/центарот (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Висина на средства обезбедени од страна општината за млади за започнување на бизнис,<br>- Број на основани бизнисс од млади (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>- Број на реализирани обуки за претприемништво<br>- Број на учесници на обуките за претприемништво (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>- Најмалку за 10% зголемено знаење на младите за претприемништво<br>- Број на реализирани програми за менторство за млади претприемачи<br>- Висина на средства обезбедени од страна општината за развој на креативни индустрии<br>- Број на корисници на средства за развој на креативни индустрии (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност) | 3 000 000 МКД | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Програми за менторство за млади претприемач(к)и;** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Финансиска поддршка за развој на креативни индустрии.** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |

# Стратешка област 3 - Квалитет на живот

*Стратешка цел 3.1: Подобрување на инфраструктурата за култура, спорт и рекреација*

<table>
<tr><th>МЕРКА/АКТИВНОСТ</th><th>ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ</th><th>БУЏЕТ</th><th>ВРЕМЕНСКА РАМКА</th><th>ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА</th></tr>
<tr><td>Отворање на кино</td><td rowspan="11">-Висина на средства потрошени за реконструкција на објекти за култура (како процент од буџетот)<br>-Број на културни настани за млади<br>-Број на театарски претстави<br>-Број на кино проекции<br>-Број на присутни млади на кино проекциите (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Висина и број на поддржани млади уметници од општината<br>-Број на млади посетители на културните настани (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Зголемен број на млади кои практикуваат спорт (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Зголемен број на спортски настани<br>-Зголемена финансиска поддршка на спортот од општината (најмалку 10%)</td><td rowspan="11">30 000 000 МКД</td><td>2025 – 2026</td><td>Општина Кичево</td></tr>
<tr><td>Летни сцени</td><td>2025 – 2029</td><td></td></tr>
<tr><td>Реконструкција на Дом на млади</td><td>2025 – 2027</td><td>Општина Кичево, ГО, институции од култура</td></tr>
<tr><td>Доизградба на ифраструктура на Китино кале (за културни активности);</td><td>2025 – 2028</td><td>Општина Кичево, ГО, институции од култура</td></tr>
<tr><td>Обезбедување и/или уредување на јавни простори (паркови, рекреативни површини) за млади</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Кичево, ГО, институции од култура</td></tr>
<tr><td>Организирање повеќе и посовремени културни настани кои ќе ги поврзат младите од различни етнички заедници (театарски претстави, изложби, музички фестивали и сл.)</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Кичево, ГО, институции од култура</td></tr>
<tr><td>Опремување на гимназијата со нови клупи, столчиња и нагледни материјали</td><td>2025 – 2026</td><td>Општина Кичево, институции од образование</td></tr>
<tr><td>Доизградба на затворениот базен</td><td>2025 – 2027</td><td>Општина Кичево</td></tr>
<tr><td>Стипендии и поддршка за младите</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Кичево</td></tr>
<tr><td>Изградба на велосипедски патеки</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Кичево</td></tr>
<tr><td>Расчистување на депониите и зголемување на јавната чистота во градот</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Кичево</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изградба на повеќе спортски игралишта** | -Висина на средства за реконструкција и доопремување на училишта<br>-Изградени велосипедски патеки<br>-Број и висина на стипендии за талентирани ученици и спортисти (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>-Нови рекреативни зони<br>-Велосипедска патека<br>-Број на млади кои ги користат отворените рекреативни зони (податоци разделени по род, возраст, етничка припадност)<br>- Зголемена висина на средства за реконструкција и осветлување на улици<br>-задоволство на младите од хигиената во градот и решавањето на прашањето со кучињата скитници | | 2025 – 2029 | Општина Кичево |
| **Поголема финансиска поддршка за спортот (поддршка за учество на спортски натревари, набавка на опрема, учество на повеќе турнири)** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, БС |
| **Прилагодување на инфраструктурата за лица со посебни потреби (тротоари, пристапни рампи, итн.)** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Реконструкција на улиците** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево |
| **Решавање на проблемот со уличните кучиња** | | | 2025 – 2027 | Општина Кичево |
| **Подобрено осветлување во целата општина** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево |
| | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево |

# Стратешка област 4 - Родова рамноправност

*Стратешка цел 4.1: Намалување на разликите помеѓу момчињата и девојчињата и спроведување на мерки за борба против родовите стереотипи и предрасуди*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Бесплатни менструални продукти во училиштата и институциите и подобри тоалети** | -Износ на средства потрошени за менструални продукти и средени тоалети<br>- Обезбеден јавен превоз со најмалку 1 линија согласно потребите на младите | 5 000 000 МКД | 2025 | Општина Кичево, ГО |
| **Субвенциониран јавен превоз за младите од руралните средини, приспособен на нивните потреби** | | | 2025 | Општина Кичево |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Центар за психолошка поддршка на млади жени кој нуди психолошко советување, правна помош и менторство за лично и професионално зајакнување** | - Број на курсеви/обуки/менторства<br>- Број на посетителки на курсевите/обуките/менторствата (податоци разделени по возраст, етничка припадност)<br>-15% зголемено знаење од обуките<br>-воспоставени услуги за поддршка на жени<br>- Број на кориснички на новововедените услуги (податоци разделени по возраст, етничка припадност)<br>- број на субвенционирани гинеколошки прегледи<br>- Број на кориснички на советувалишта (податоци разделени по возраст, етничка припадност)<br>- изградена болница<br>- Број на кампањи за подигање на свеста | | 2025 – 2026 | Општина Кичево, ГО |
| **Курсеви за обука за нови вештини кои се барани и добро платени на пазарот на трудот вклучително и во доминантно машки професии (ИТ, графички дизајн, металургија, соларна индустрија итн.);** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Услуги за поддршка за жени кои се соочуваат со семејно насилство, вклучувајќи засолништа и правна помош** | | | 2025 – 2027 | Општина Кичево, ГО |
| **Бесплатни гинеколошки прегледи** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Образовни програми за финансиска писменост за девојчиња и момчиња;** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Обука за професионални вештини и финансиско управување, кои ќе им помогнат на младите жени да се вклучат во работната сила** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО, БС |
| **Олеснување на пристапот до психолози и советници и бесплатни услуги за скрининг за менталното здравје** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Обезбедување медицински сестри во училиштата** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Изградба на болницата и подобрување на здравствените услуги во истата (апаратура, персонал)** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево |
| **Советувалиште за рана детекција на карцином на дојка** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |
| **Кампањи за важноста за грижа за машкото и женското здравје** | | | 2025 – 2029 | Општина Кичево, ГО |